СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и четврта седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 април 1997 година

Скопје, април 1997 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 64-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 9 АПРИЛ 1997 г.**

Дневен ред на стр:- 2
продолжение

ДИСКУТАНТИ :

1.ЗИБЕРИ НАСЕР – 1, 12.(Мин.за) труд
2. ЛАЗАРОВ ЈОВАН -13
3. НАУМОСКИ ВАНЕ - 6
4. ПЕТКОВСКИ ТИТО -1..( Води седница )
5. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 9
6. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 3

Т.9-стр.2- Предл.за донес.на Зак.за вработување и осигурување во случај на невработеност.
Т.10-стр.3- Пред.за донес.на закон за пазарна инспекција.
Т. 11-стр.9- Предл.одлука за утвр. на стапката на придонесот за пенз.и инвал.оскгур. за лица привремено невработ.
Т.12.-стр.13-Предл.одлука за основ. Пратеничка групана Соб на РМ, за сораб.со Парлам. на Р.Ирска.
Т.13-стр.14, Т.17.стр.-16
Т.14-стр.14 Т.18.стр.-16
Т.15-стр.15 Т.19.стр.-17
Т.16.-стр.15 Т.20.стр.17

- СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 април 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа од 64-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Слободан Богдановски, Игнатие Богдановски, Јане Ангеловски, Нано Ружин, Ратка Куљан Зографска, Исмет Рамадани, Јован Србиновски, Владимир Соколовски, Хисен Рамадани, Наум Симјановски и Славе Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дами и господа пратеници,

На 6 април 1997 година, почина Никола Минчев, револуционер, носител на"Партизанска споменица 1941" истакнат државник кој целиот свој живот го вгради во остварувањето на државноста на Република Македонија.

Во трајно сеќавање ќе остане неговиот лик на човек и државник кој несебично и со голем самопрегор, вршејќи значајни општествени и политички функции, меѓу другото претседател на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, пратеник, потпретседател и претседател на Собранието на тогашна Социјалистичка Република Македонија со што се вгради себеси во

сестраниот развој на нашата држава.

Ве молам со едноминутно молчење да му одадеме почит.

(Пратениците и сите присутни во салата му оддаваат почит).

Слава му.

Одиме со дневниот ред.

Преминуваме на 9-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

Бидејќи го заклучив претресот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела, како и предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и забелешките од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за труд и социјална политика.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 10-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за пазарната инспекција.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, поделен ви е извештајот од расправата на Комисијата за стопанство по Предлог за донесување на законот за пазарна инспекција. Од самиот извештај јас без определен како известувач од Комисијата.

Во оваа фаза од постапката за новите норми за пазарна инспекција изразена е поддршката на концептот и основните решенија за еден важен инспекторат во надзорот на прописите во прометот, производството, извозот, увозот, зделки со кои се обавуваат и пласираат стоките во потрошувачката на мало.

Личниот став за понудените решенија произлегоа и од позицијата на непосреден учесник во прометот како претприемач и граѓанин. Законот за пазарна инспекција доаѓа во време најподатливо за сите нас. Владата прави сериозен обид и практични чекори за борба против криминалните шпекулации и создавањето регуларни услови на прометот. Во центарот на овластувањето на пазарната инспекција е токму заштитата на граѓаните и потрошувачите во трговијата, како и понудата на производите на пазарот каде сеуште се соочуваме со нелојалната конкуренција, прераспределбата на интересни сфери во набавката и прометот. Притоа е создаден амбиент во кој, по правило се што доаѓа од малите фирми и производители од средна категорија е незаконито, штетно за граѓаните, израз за некаква фаворизација која е обезбедена

благодарение на методите на корупција со која претприемачите, наводно се служат. Се разбира, би биле слепи доколку не признаеме дека такви појави има, но генералното обвинување со што сите сме исти и сите сме криминалци никому не одговара, ни на постојната структура, а најмалку на менаџерите и претприемачите. Затоа, лично и енергично го поддржувам донесувањето на Законот за пазарната инспекција и особено примената на неговите прописи преку енергично и законско ангажирање на инспекторите.

Зајакнатата позиција на пазарните инспектори и неговите овластувања под претпоставка за заштита на потрошувачките права на граѓаните кои бараат квалитетни стоки и услуги, но ваквата позиција на инспекторите повторно не е под знак на прашање поради несоодветното наградување и ниските плати. Се сомневам дека со определените плати истакнатите во јавност дека може доследно да ги спроведува пазарниот инспектор одредбите и предлозите на овој закон кои и досега многу пати што се обистинило во јавноста. Тие ја девалвираат нивната положба и во стартот создаваат сомневање кај граѓаните па и претприемачите, доколку не се обезбеди цврста материјална сигурност за квалитетните и образовани инспектори, доколку не се обави нивниот состав со стручни кадри кои ќе можат неоптоварено и со многу сознанија за современите форми на трансакции, за проценките на квалитетот на производите, тогаш е возможно законот за пазарна инспекција да биде само формално пополнување на празнината која сега се чувствува, празнина која ги оптоварува и министерствата, празнина која ги оптоварува и претприемачите.

Независно од предлозите што ги има Комисијата за стопанство, лично сметам дека е потребно ангажирање и на Комората. Можеби е добро во рамките на оваа асоцијација, покрај одборите за арбитража и чест да се формира регистер на фирми кои континуирано ги прекршу-

ваат одредбите за квалитетот и стандардите на производите во прометот. ВО одреден бонус на казни и таквите фирми и претприемачи ќе мора да бидат подложени на нови пререгистрирања со забрана за вршење на дејноста за одреден период. На тој начин информациите кој со кого и на каков начин тргува ќе им бидат познати на сите субјекти во прометот и производството. Сметам, ние сме мала држава и простор за да не може да се добијат такви информации.

Со нив се штитат сите од граѓаните до претприемачите. Овој вид на"црни листи"е најригорозниот начин што може и е превентива и репресивност да се делува. Јавноста сосема оправдано бара да се соопштуваат сите резултати од увидот на пазарните и другите инспекции. Тоа е веројатно најголемата брана за шпекулативноста на фирмите што имаат еднокатно значење и појава на пазарот. Но, се чини дека често пати и без причина се нарушува угледот на фирмите и поединците со предвремени и недокажани дисквалификации, па според тоа сметам и како претприемач, а сугерирав и на Комисијата за стопанство, тоа беше еден заеднички заклучок до Собранието и предлагачот во истиот закон ги вгради следните наши видувања:

Прво, да се прецизира што претставува монопол и монополско однесување. Не е јасно дефинирано што претставува монополска положба и монополско однесување и кои субјекти тоа ќе го проценуваат инаку на овој начин сеуште останува дискреционото право втемелено во еден инспектор да одредува и да толкува што е монопол.

Второ што сугерирам според кои треба да се предвидат дополнителни критериуми кој треба да биде вработен во сферата на инспектор и што треба да поседува освен моралните квалитети што се неопходни, треба да поседува и додатни елементи, бидејќи сега треба да имаме трансформација во самото министерство на инспекторите,

бидејќи во пазарното стопанство се појавува одредениот инспектор да може да поседува во потесното семејство и производствена фирма и консалтинг фирма. Тогаш се нарушува лојалноста на пазарот.

Ова се само мои први видувања како претприемач, а ова се и ставови на Комисијата за стопанство што сметаме дека Министерството и предлагачот ќе најдат начин да ги вградат во предложениот закон.
Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, кој друг се јавува за збор.
Има збор господинот Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Неколку мои видувања на овој закон, прво дека е добро што и оваа сфера во која до сега важеа закони од поранешната СФРЈ се донесува нов законски проект за пазарната инспекција. Конкретни забелешки и сугестии на предлагачот имам на делот кој се однесува на инспекторите.

Прво, во законот не е дадена бројка колкав број ќе биде на инспекторите кои ќе функционираат во тој инспекторат на територијата на Република Македонија, односно како ќе биде организационо поставена непосредно во срединиите, односно во локалните единици.

Втора забелешка ми се чини предлогот или решенијата што е дадено, понудено е премногу широко, па предлагам да стои одредбата инспекторот да поседува високо образование. Ова е само од неколку причини:

Сметам дека инспекторите оние кои ќе ја вршат дејноста најкомпетентно ќе ја извршат доколку се економисти или алтернатива правници од причина што членот 2 кој ги регулира надлежностите на работата на инспекторот најголемиот дел се однесуваат од сферата на економијата.

Трета работа кога сме кај инспекторите, можноста на делувањето. Дали инспекторот строго ќе биде врзан за одредена локална единица, на одредена територија, или неговите права ќе бидат неограничени на ниво на држава. Сум на мислење да им се дадат пошироки права на делување бидејќи инспекторот своето право да го искористат било каде да е во моментот нормално со онаа легитимација што Министерството ќе му ја даде.

Главниот републички пазарен инспекторат, не потенцирам, макар да подносителот на законот - Министерството за стопанство, кој го назначува, читајќи го законот тоа не го сретнав.

Четврта работа што сакам да ја спомнам тоа е наградувањето на инспекторите. Нешто слично ваков закон односно од оваа сфера на контрола имавме на предложените закони за ревизија државната и онаа другата комерцијалната ревизија и сум на мислење инспекторите покрај онаа редовна плата што ќе ја земат од Буџетот или од Министерството треба, како стимул да добиваат и одреден процент на откриени грешки на злоупотреби. Како? Ова е пракса и во многу земји која се покажала многу ефикасна. Ако се работи за затаен данок или за откриени недостатоци на недозволена роба процент од откриеното во секој случај ќе биде корист и за државата и на оној што ја врши контролата. Ова не е ново, но во грото земји е докажано како корисен инструмент.

Една работа што ја сретнав е земање на мостри во делот каде што трошоците ги сноси оној на кого му е земено. Јас би додал дека доколку се земе мостра на испитување, ако наодот е негативен, во смисла не она медицинска, туку негативен во смисла да подлежи на казна, тогаш трошоците ќе ги сноси сопственикот односно газдата, а доколку е наодот позитивен ќе ги сноси оној што дал налог за контрола. Овде изрично е речено без разлика каков ќе биде резултатот од анализа на мострата трошоците да ги сноси сопственикот на фирмата, што сметам дека вака на овој начин не е добро.

Овие неколку забелешки што ги изнесов во основа дека законот треба да се донесе и ни е неопходен во овој период на работење и делување.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на Законот за пазарната инспекција.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањето од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за стопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (81)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 11-тата точка на дневниот ред - Предлог на одлука за утврдување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за лицата привремено невработени додека примаат паричен надоместок за време на привремената невработеност.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, мислам дека одлуката е од хуманитарен карактер и јас во целост ја подржувам, меѓутоа, сакам да напоменам за една категорија која за година и нешто треба да престане да не прима никаков надомест. Тоа се однесува на оние луѓе кои со специјалниот Закон за загубари отидоа од работните организации како рударски инвалиди, немаа 25 години стаж, тој траен надомест што останатите го имаат, а со закон беше донесено да имаат 20% надомест. Сега овие луѓе ќе немаат ниту надомест и остануваат, така да речам незгрижени, а знаеме дека ниту со Законот за вработување се третираат, ниту се третираат со Законот за социјална заштита и навистина таа категорија некако виси.

Тоа го кажувам заради тоа што наши можеби има помал број, меѓутоа, има од Злетово, има од Тораница кои беа во загубарите и се стално во работните организации, меѓутоа, и со Законот за вработување немаат таков работодавец кој ќе прими инвалид во својата организација. Мислам дека Министерството треба да поведе сметка повеќе за оваа категорија на луѓе.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Насер Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе,почитувани дами и господа,

Како што рече и пратеникот ова е еден додатен напор на Владата преку средства од Буџетот што ги добива Заводот за вработување да се зголеми стапката на придонесот на вработените кои привремено примаат надоместок преку Заводот за вработување. Тоа се прави заради тоа што согласно член 174 од Законот за ПИО е утврдено дека Собранието на Република Македонија, по предлог на Владата утврдува стапка на придонес за пензиско и инвалидско осигурување за лица привремено невработени додека примаат паричен надоместок за време на невработеноста преку Заводот за вработување.

Таа стапка била 12%, сега се предлага да биде 30% за сите тие лица кои се обезбедуваат преку Заводот. Тие средства ги обезбедува Заводот за вработување. Впрочем, во праксата ова веќе се применува. Но, секако, одлука треба да донесе Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на Преамбулата.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 4 по кој што Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Преамбулата поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

И овој амандман се прифаќа. Се работи за денот на влегувањето во сила на Одлуката, што сметам дека е прифатливо.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (82 пратеници)

Дали има некој против? (еден пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за лицата привремено невработени додека примаат паричен надоместок за време на привремената невработеност.

Минуваме на точката 12 - Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Ирска.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Лазарев

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Веројатно е по трет или четврти пат оваа интервенција од мојата Пратеничка група. При составување на овие групи изоставен е претставник од Социјалистичката партија.

Бидејќи ова е група за соработка со друг Парламент, нај- често во тие парламенти има Социјалистички партии и не гледам причина барем еден претставник да не влезе од Социјалистичката партија.

Бидејќи сега е ова готов текст и предложени се осум лица колку што обично изнесуваат групите за соработка со други парламенти, непријатно е сега да кажам некој да се избрише па друг да се допише од Социјалистичката партија.

Меѓутоа, молам, еве, Комисијата за понатаму да води сметка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (77 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Ирска.

Минуваме на точката 13 - Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Советот на студентскиот центар "Скопје - Скопје.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставници на Републиката во Советот на студентскиот центар "Скопје" - Скопје.

Минуваме на точката 14 - Предлог на одлука за именување претставник на Републиката во Советот на Студентскиот дом "Кочо Рацин"-Битола.

Предлогот на Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање?(1 пратеник).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставник на Републиката во Советот на студентскиот дом "Кочо Рацин"-Битола.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Македонската филхармонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (75 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Македонската филхармонија.

Минуваме на точката 16 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (79 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува ? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје.

II/6.-

Минуваме на <u>точката 17</u> - <u>Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно летувалиште "Минерални бањи"- Негорци - Гевгелија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (80 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Природно летувалиште "Минерални бањи" – Негорци - Гевгелија.

Минуваме на <u>точката 18</u> - <u>Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде"- 1 Скопје.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (80 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде'* - Скопје.

Минуваме на точката 19 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде" - Скопје - Клиника за хируршки болести.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(80 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (нема)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Градската општа болница "Моша Пијаде"-Скопје - Клиника за хируршки болести.

Минуваме на точката 20 - Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за измена на Статутот на Работната организација Економски факултет - Прилеп.

Предлогот на' Одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласан>е.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (80 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на работната организација Економски факултет - Прилеп.

II/8.-

Бидејќи последна точка ни е поставување на пратенички прашања, а Владата е информирана нејзините претставници да дојдат во 13,30 часот, предлагам пауза до 13,30 часот.

(Поради немање кворум по паузата во 14,00 часот седницата прекина со работа).